



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПРЕПОРАКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ЕФЕКТИ ОД НАДВОРЕШНИТЕ ВИСОКИ ТЕМПЕРАТУРИ

**Препораки за спречување на штетните ефекти од надворешните високи температури врз здравјето на луѓето, препорачани од страна на Министерството за здравство на РМ, Институтот за јавно здравје на РМ и Центрите за Јавно здравје: 1. Општи препораки за заштита од топлотен бран**

**• За време на топлотен бран избегнувајте, колку што е можно, излегување во надворешна средина во периодот од 1000-1700часот. Неопходните работи завршувајте ги пред 1000 часот или после 1700 часот.**

**• За време на топлотен бран во периодот од 1000-1700часот, да се избегнуваат напорни физички активности, вклучувајќи спорт и рекреативни активности.**

**• Останете, колку што е можно, во затворени климатизирани простории (обичните вентилатори не помагаат кога температурата е над 350Ц). Зтаворете ги прозорците и ролетните во тек на денот, отворете ги навечер кога температурата е пониска.**

**• При неопходен престој на отворен простор, избегнувајте директна изложеност на сонце, најдете можности за почести одмори под сенка. • Носете светла и лесна облека (светлите бои, во извесна мера ја одбиваат светлината) од природни такенини (памучни, ленени), ставете заштитни очила и капа.**

**• Внесувајте големо количество на течност (не чекајте да бидете жедни), почнувајќи од обичната вода за пиење, па сî до минерализирани безалкохолни пијалоци. Избегнувајте алкохолни пијалоци и пијалоци кои содржат кофеин, како и екстремно студени пијалоци.**

**• Внесувајте помало количество на храна. Избегнувајте мрсна и високо-калорична храна и храна која содржи поголемо количество шеќер.**

**• Туширајте се со студена вода повеќе пати во денот (или ставете студени облоги и чувајте ги нозете во студена вода).**

**• Кога сте во возило, отворете прозорец, за да овозможите вентилација на воздухот. Целосно затворените возила стануваат многу жешки. Не оставајте никого во возилото.**

**• Хроничните болни, посебно тие со срцеви, невролошки и белодробни болести, потребно е да бидат многу дисциплинирани во однос на овие препораки и редовно да ја земаат својата терапија. За секакви промени на здравствената состојба, задолжително да го консултираат матичниот доктор.**

**• Пред употреба на свеж зеленчук и овошје, задолжително е нивно миење.**

• Термички подготвена храна, да се конзумира веднаш после подготовката. Ако тоа не се направи, подготвената храна да се стави во ладилник на температура до +80Ц, а пред употреба, да се загрее на +1000Ц.

• Да се избегнуваат производи кои не се термички обработени (домашен мајонез, сладолед, разни кремови). • Консултирајте се со својот доктор, доколку почуствувате невообичаени симптоми кои траат подолго време.

• Ако чуствувате зашеметеност, слабост, вознемиреност или чувство на интензивна жед и главоболка, побарајте помош, преместете се на постудено место, колку што е можно побрзо, и измерете ја својата телесна температура. Веднаш напијте се вода или негазиран минерален пијалок за да се рехидрирате.

• Ако имате болни грчеви во мускулите на нозете, рацете и стомакот, што побрзо одморете се на постудено место и напијте се течност што содржи електролити. Медицинска помош е потребна ако грчевите траат подолго од еден час.

• Ако некој член од вашето семејство или лице на кое помагате, има топла и сува кожа или е во бесознание, веднаш повикајте 194! Додека се чека итната медицинска помош, префрлете го на студено место и ставете го во хоризонтална положба, подигнете му ги нозете и колковите, отстранете му ја гардеробата, воспоставете надворешно ладење (студени облози на вратот, пазувите и слабините и постојано прскајте му ја кожата со вода). Мерете му ја телесната температура. Не давајте терапија. Ако лицето е во бесознание, не треба да лежи на грб, туку завртете го во странична положба.

2. Препораки за раководителите на пензионерски домови, центри за долготрајна институционална грижа и здравствени установи

• Да се почитуваат препораките за однесување при топло време дадени во едукативните материјали за општата популација. Установите (објектите) да се одржуваат студени, а лицата во истите да бидат заштитени од топлина, да останат во студено и да внесуваат доволно количество течности.

• Да се следи внатрешната температура на објектот. Да се обезбеди барем една студена соба (соба со клима уред и температура пониска од 250Ц). Да се овозможи пациентите (станарите) да поминуваат во студените простории по неколку часа дневно.

• Општиот доктор да направи ревизија на редовното земање на терапија на хроничните болни.

• Да се следи внесувањето на течности од страна на пациентите (станарите), нудете (служете) безалкохолни и незасладени пијалоци, следете им ја телесната температура, пулсот, крвниот притисок и хидратацијата.

• Внимавајте на рани знаци на топлотни болести и започнете соодветен третман.

• Информирајте и обучете ги вработените. По потреба зголемете го нивниот број. Да го заштитиме здравјето на вработените во услови на топлотен бран!

**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА** Работната облека да биде направена од лесна порозна ткаенина (од природни влакна - памук, лен) во светла боја. При работа на отворен простор задолжително носење на очила и капи. Да не се носи облека која го намалува потењето. Да се менува облеката при значајно потење.

**ЕДУКАЦИЈА ЗА ПРВА ПОМОШ НА РАБОТНОТО МЕСТО** Едукација за препознавање на симптоми за топлотно исцрпување или топлотен удар, самопријавување на симптомите (исцрпеност, слабост, замор, главоболка, бледило, вртоглавица, повраќање, вознемиреност, конфузија, колапс, конвулзии, шок) и грижа за колегите (будност за појава на симптоми). На оние кои имаат појава на овие симптоми, да им се дозволи одење дома откога ќе се стабилизираат (најголем број на смртни случаи од топлотен удар се случува на пат за дома).

**ВОНРЕДНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ** Специјалистот по медицина на трудот ги изведува превентивните вонредни систематски прегледи во време на топлотни бранови за вулнерабилните групи на работници: повозрасни работници, работници со прекумерна телесна тежина, бремени работнички, хронично болни работници (со кардиоваскуларни, ендокринолошки, респираторни, ренални, хепатални, невролошки, гастроинтестинални и дриги заболувања). 3. Препораки до локалните власти во општините Да се активираат јавните чешми и фонтани и истите да бидат во функција, особено за време на појавата на топлотни бранови. Посебно внимание да се обрне во поглед на водоснабдувањето и подигањето на смет, како и оддржувањето на чистотата на населените места. Детални информации: http://toplotnibranovi.mk/mk_preporaki_opsti.asp

# КАРПОШ ВО ОДБРАНА ОД ТОПЛОТНИОТ БРАН

Како итна превенција од пеколните горештини кои ја зафатија Македонија, Општина Карпош презема вонредни мерки за заштита на своите жители. Во рамките на акцијата за спроведување на бесплатни превентивни прегледи и совети на граѓаните, во поладневните часови, на платото во Т.Ц. Карпош 3 – Лептокарија, ќе се одржат информативни и превентивни пунктови. Услугите од Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“, ќе ги упатат жителите на Карпош како да се справат со сегашните и претстојните жештини кои го зафатија главниот град. Превентивните активности кои се во организација на Министерството за здравство, имаат за цел да помогнат при спроведување на бесплатни прегледи и совети за заштита и превенција од топлото време.

Истите започнаа од 18.30 часот па до 21.30 часот по следниот редослед:
ТЦ Лептокарија – 08.07.205
Драмски театар – 13.07.2015
ТЦ Лептокарија – 19.07.2015
Драмски театар – 24.07.2015
ТЦ Лептокарија – 29.07.2015



# КАРПОШ УЧЕСНИК НА МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ВО СЛЕПЧЕ

**Во рамките на Демирхисарското културно лето се одржа Меѓународен научен симпозиум за значењето на духовноста, литературното и уметничкото творештво во Манастирот Свети Јован Крстител во Слепче, заедно со околните манастири во село Журче и Топлица. Овој манасти важи за духовен и уметнички книжевен центар, а годинава на него учествуваа гости од земјава и странство со свои научни видувања, трудови и споредбени анализи на иконографијата и фрескописите досега објавени во јавноста. Симпозиумот беше отворен од академикот Цветан Грозданов, истакнат византолог и проучувач на византиската култура на овие простори, како и со поздравен говор на градоначалникот на Демир Хисар, Љупчо Блажевски, академикот Владо Камбовски и Митрополит Преспанско-пелагониски Петар. Свој активен придонес на Симпозиумот дадоа и научни работници, односно докторанти од Институтот за историја и Универзитетот Свети Климент од Сфоија-Бугарија, како ивидни гости од соседна Србија. Сите тие дадоа свои осврти за најновите истражувачки достигнувања во изнаоѓањето на факти и сознанија за и околу Слепчанскиот манастир кои се поместени во архивите на Софија, Белград и по целиот Балкан. Посебно се стави нагласка за манастирската дејснот низ вековите како светилиште за развој на уметноста, науката и пишаниот збор, како и за градбите и археолошките испитувања вршени на овој простор. Заклучните поставки и преставените сознанија ќе бидат отпешатени во зборникот кој ќе биде издаден во таа чест, во текот на оваа година. Врз основа на сите стекнати созаннија на Симпозиумот ќе биде поднесен извештај до Владата на Република Македонија со цел да се издејствува помош за санација на фрескописите на околните манастити како Топличкиот манастир, Журче и сличните, кои егзистираат во оваа околија. Исто така се планира, следната година овој Симпозиум да прерасне во уметнички центар за творење и научни иследувања кои ќе траат повече денови. Инаку Општина Карпош беше поканета како учесник-гостин на овој голем научен собир**




ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник и Совет на општината
ДЕМИРХИСАРСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2015
ТОПОЛ КУЛТУРЕН БРАН 2015
DEMIR HISAR SAMMER 2015
HOT KULTURAL WAVE 2015
МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ
INTERNATIONAL SCIENTIFIC SYMPOSIUM
МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ, СЛЕПЧЕ -
ДУХОВЕН, КНИЖЕВЕН И УМЕТНИЧКИ ЦЕНТАР
„Monastery of St. Jovan Krstitel, Slepce
- spiritual, literary and artistic center"
10:00 часот, конференциска сала во СОУ „Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
07.07.2015, Ивaнден,
Манастир Св. Јован Крстител, Слепче



# ОПШТИНА КАРПОШ-ДОМАЌИН НА ШАХОВСКОТО ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО 2015



Општина Карпош во соработка со шаховскиот клуб „Гамбит Asseco-SEE“, оваа година ќе биде организатор на елитен шаховски настан – Европското клупско првенство. Интензивните подготовки за овој врвен спортски настан веќе започнаа со тоа што е во полн ек секојдневно пријавувањето на учесници. Преку 800 врвни светски шаховски мајстори, се најавени како учесници во екипно натпреварување на Европското првенство, кое ќе се одржи од 17 до 25 октомври. Првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски, на денешната конференција за печат потврди дека неизмерната поддршка која се дава од Општина Карпош на спортистите и натаму трае. -Како општина-домаќин, четири години навистина сме квалитетно испраксирани за вакви првенства и турнири кои се од висок ранг, истакна Јакимовски. Главната референца која што ја стекнавме, и која што всушност не препорача да ја добиеме оваа организација, е најдобриот шаховски турнир „Карпош Опен“, кој прерасна во традиција и кој се рангира во најдобрите пет турнири во Европа. Како резултат на добрата организација во минатото, ја стекнавме довербата на Европската шаховска федерација, која одлучи да ни го додели овој Европски клубски шампионат. Наградниот фонд за ова натпреварување изнесува 45 илјади евра кој ги обезбедува Општина Карпош, а таа ќе понесе и 90 отсто од трошоци на првенството. Како помош во организацијата се вклучија и Агенцијата за млади и спорт и делумно Градот Скопје.

Сите љубители на шахот, не само во Република Македонија, туку и низ целиот свет ќе можат да ги следат мајсториите на овој спорт. Со исто толкав ентузијазам и пожртвуваност за спортот, говореше и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески. -На Европското шаховско првенство ќе се натпреваруваат екипи во машка и женска конкуренција. Морам да напоменам дека почнувајќи од Олимпијадата во далечната 1972 година, во 1984 Балканското првенство, потоа Европското поединечно првенство во 2001 година, Република Македонија е подготвена да се справи со претстојната организација на начин кој ќе ги надмине дури и светските првенства. По минатогодишната посета на претседателот на Европската шаховска унија, кој што практично ги утврди можностите кои ги нуди нашата земја, ни го додели приматот да бидеме домаќини на едно вакво натпреварување. „Иако пријавувањето е сеуште во тек, досега се најавени преку 60 екипи кои ќе учествуваат на првенството и тоа 48 во машка конкуренција и 15 во женска конкуренција од околу 24 европски држави – рече претседателот на шаховската федерација, Благоја Богоевски и истакна дека ќе присуствуваат 45 играчи кои се вбројуваат во „топ“ 50 најдобри шахисти. Дека шахот во Македонија има голем потенцијал, го потврдува присуството на врвни спортисти од „мисловниот“ спорт кои учествувале на многу првенства во Македонија и на најпознатиот турнир „Карпош Опен“. Извршниот секретар на шаховскиот клуб „Гамбит Asseco-SEE“, Марјан Митков кој ги презентираше информациите од досегашните подготовки. -Од врвните играчи кои го најавија своето учество во дел од екипите, се поранешните светски прваци, Веселин Топалов од Бугарија, Владимир Крамник, можеби идните светски прваци, Накамура Хикаро од Америка, Гиријани Шут од Холаднија и други. Сите овие се дел од екипите кои се најавени. Преносот ќе се врши на 60 електорнски табли за да може да се изврши онлајн преносот, рече Митков. Од македонските екипи ќе учествуваат шаховскиот клуб „Алкалоид“, „Гамбит Ассеко“, а ќе игра и поранешниот светски првак Антоанета Стефанова. Предвидено е во седумте дена, додека се одржува Европското шаховско првенство, над 700 илјади посетители да ги следат резулатите на најпознатиот електорнски медиум chess.com.

# ОПШТИНСКА ПОДДРШКА ВО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ ПОКРИВИ



**На денешната триесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, советниците едногласно дадоа "зелено светло" на Правилникот за внатрешна организација на работни места и на Правилникот за систематизација на работни места во четири градинки во Општина Карпош: „Распеана младост", „Мајски цвет", „Пролет" и „Орце Николов". Освен тоа, за градинката „Распеана младост", Советот даде согласност на Одлуката донесена од Управниот одбор на градинката, за формирање Комисија за утврдување на потреба за зголемување на бројот на упишани деца над усогласениот капацитет на истата. На седницата се усвои и последната точка од дневниот ред, односно разгледување на барањето за помош за покривање на рамна проодна тераса на заеднички станбен објект на улицата Никола Тесла. Градоначалникот Јакимовски, излезе пред присутните со образложение на ставот на локалната самоуправа, околу потребата за одобрување на поддршка за овој станбен објект: -Станува збор за жители на Карпош, кои преку својата заедница на станари самостојно, единствени досега, самостојно собрале средства, односно над 20 илјади евра за реконструкција на покривната површина и бараат поддршка од Општината-рече Јакимовски.**

За таа цел градоначалникот на Карпош предложи да се обезбедат ламарина, штрафови и парна брана за овие граѓани на кои материјалите им сé од големо значење во реконструкција на нивното живеалиште. Инаку, Општина Карпош наскоро ќе распише оглас на кои ќе може да аплицираат заедниците на станари и од други згради од општината, за идентична поддршка во реконструкцијата на покривите, а изборот и приоритетите врз основа на кои ќе се доделува помошта од локалната власт, ќе биде врз основа на јасно дефинирани критериуми, според бројот на станари, годината на изградба и степенот на оштетеност на станбените објекти, односно итноста за реконструкација.

## ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА БИЗНИС БАСКЕТ ТУРНИР 2015



# ПРЕВЕНЦИЈА ПРОТИВ НАРУШУВАЊЕТО ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Летниот период од годината е „добредојден“ за нарушување на јавниот ред и мир на граѓаните во Општина Карпош. Освен тоа, често се случува млади деликвенти, во доцните часови, да ги уништуваат урбаните забавни паркови како и училишните објекти. Ваквата појава беше тема на денешниот работен состанок меѓу Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, претставници од полициска станица Карпош и претседателите на урбаните заедници. На него се презентираше Програмата на полициската станица Карпош за преземање на превентивни мерки против нарушување на јавниот ред и мир и потребата од зачестена полициска патрола на територија на Општината. Првиот човек на локалната самоуправа реагираше за задоцнетиот план на СВР Карпош за преземање на мерки за сузбивање на деликвенцијата која е присутна од страна на некои млади жители. -Општина Карпош, преку целата година, а посебно во летниот период, кога децата се на летен распуст, се соочува со сериозни проблеми, како оштетување на општинските и државните објекти, и сето она што е обезбедено и потрошено со народните пари.



Во исто време граѓаните се жалат дека во раните утрински часови се соочуваат со викотници и несоодветно однесување. Имаме разбирање за потребите на младите, но исто така сме се потрудиле да обезбедиме и одредени катчиња каде ќе можат нормално да функционираат. Сепак сето ова е во насока да делуваме како што треба и граѓаните да бидат задоволни. По тој повод, командирот на полициската станица Карпош, Роберт Петрушевски накратко го презентираше планот во кој се поместени зачестени полициските патроли низ Општината и тоа во доцните часови. - Општината ја поделивме на три сектори, односно секој сектор ќе има по една патрола, по двајца полициски службеници, но би сакале да присуствува и по еден претставник од урбаните заедници и да бидат вклучени во патролите. Во планот се предвидени позачестени патроли и покривање на места укажани од страна на граѓаните и од страна на вработените лица во урбаните заедници во Општина Карпош. На истата патрола ќе бидат вклучени инспектори како и службеници на МВР од одделот за малолетничка деликвенција и вработени во СВР Карпош. На средбата секој претставник од урбаните заедници ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат во текот на годината, а особено во летниот период и им беа наведени на полициските службеници како проблем на кој треба навремено да се делува и коректно да се заврши.

